

# Не го заборавaат Забавниот парк, пак му дадоа датум

Нова најава и датуми за изградба на Забавен парк на местото на поранешниот Луна парк – даде скопскиот градоначалник Петре Шилегов.

- Есенва ќе започне да се работи, а очекувам дека до крајот на другата година ќе имаме тематски Забавен парк, а не Луна парк, во кој ќе можете да поминете цел ден со семејство. Тоа е нешто што го нема во регионот и очекувам дека ќе биде сериозна туристичка дестинација, изјави деновиве Шилегов.

Во буџетските средства за годинава се предвидени одредени средства за градба на овој значаен објект за градот. Лани, Град Скопје планот за задол-жување во висина од 12 милиони евра за изградба на Забавен парк и набавка на реквизити се смени со тоа што тие средства се искористија за обнова на скопски сообраќајници. Но, тоа значеше и пролонгирање на термините за градба кои претходно неколку пати се поместуваа.

Ова сега е ново ветување и останува да се види дали евентуално пак ќе треба да се определува нов датум за датумот кога ќе дојде датумот да се види Забавниот парк во Скопје или пак навистина ќе биде се во ред со последниот најавен датум.

Инаку, еден датум е сигурен, есенва ќе има локални избори.

Издавач:
МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје
ул. Коста Новаковиќ бр.14/16 Скопје
жиро сметка: 210067012800147

Управител:
Јовица Тасевски
e-mail: marmaksstep@yahoo.com

СКОПСКО ЕХО
ул. Методија Шаторов Шарло 30/2, Скопје
тел: 078/418-692

Редакција
Главен уредник:
Антонио Спасев
e-mail: skopskoeho@yahoo.com

Тираж: 25.000 примероци
Испечатено на: 17.3.2021 г.
Печати: „Европа 92“ Кочани
ул. Крижевска бр. 52

„ЗА ПОЧИСТА МАКЕДОНИЈА“

# Правиме сè да станеме пример како треба да се грижиме за животната средина

**Прво направија поголема еко акција на Водно на која присуствуваа преку 50 активисти и беа собрани преку 100 ќеси полни со расфрлан отпад, потоа...**



Нивното мото гласи: Не барајте човек за пример, бидете еден! Ги има петнаесетина постојани членови, а на акциите им се приклучуваат и волонтери кои со нив ги споделуваат истите цели за чиста животна средина. Од лани во август кога се обединија па до сега, веќе имаа неколку забележителни акции. Тие ќе продолжат и во иднина како дел од се повеќе самоиницијативно настанати граѓански здруженија чии членови решиле да им помогнат на градот и на земјава во чистењето на ѓубрето. Накусо, ваква е приказната за неформалната граѓанска организација „За почиста Македонија“.

- Целта на здружувањето ни беше да се подигне свеста за големите еколошки проблеми со кои се соочува Македонија. Првично почна како онлајн кампања во која граѓаните се мотивираа да по посетите на шумите, реките, планините, излетничките места да си го собираат своето ѓубре а и ѓубрето кое е расфрлано од несовесни граѓани. И тоа да го документираат со слика и да ни испратат на нашите социјални мрежи. Потоа решивме да организираме и конкретни акции за чистење, ни вели Петар Стевановиќ, основач на ЗПМ.

Кон крајот на август ЗПМ ја организираа својата прва поголема еко акција на Водно на која присуствуваа преку 50 активисти и волонтери и на истата беа собрани преку 100 ќеси полни со расфрлан отпад. Потоа, следеа уште 2 поголеми еко акции на Козјак и на Марков манастир каде собрале најмногу ѓубре. 2021 година ја започнале со чистење на Скопско Кале кое што е едно од главните туристички атракции во Скопје, а беше загушено во ѓубре и никој не превземаше никаква одговорност за тоа...

- Загадувањето на средината се должи на повеќе фактори. Првично луѓето се многу необразувани и незапознаени со последиците кои ќе и ги имаме со загадувањето на почвата, воздухот и реките. Друг фактор е тоа што немаме добро разработен систем за селектирање отпад. Трет фактор е тоа што нема казни за луѓето кои го создаваат отпадот на јавни површини, нема институција која врши контрола, потенцира Стевановиќ.



**ПЕТАР СТЕВАНОВИЌ: Најбитно е да не бидеме игноранти и да почнеме да дејствуваме сплотено**

Во ЗПМ сметаат дека проблемот со хигиената најдобро би се решил кога службите би си ја работеле својата работа.

- Со кампањи и со волонтери за чистење свеста се подига само кај тие што веќе ја имаат, да се приклучат и да помогнат во нашата кауза. Кај тие што ја немаат, можеби најубаво е да им се разбуди свеста со казни, санкции итн... Доколку нема служба која дејствува со закон за да го одржи тоа место чисто, работата на кампањата и волонтерите била залудна, а со тоа се помалце луѓе би се приклучувале во нашите акции и би изгубиле мотивација да променат нешто., нагласува Стевановиќ.

## Да се допре до младите

Плановите ни се на секој можен начин да допреме највеќе до младите а и до сите останати старосни групи, да ни се приклучат во нашата цел, како со еко-акции, така и со кампањи, обуки, семинари, натпревари, иновации... Секој што сака да учествува во нашите активности е добредојден, се што треба да направи е да не следни на нашите социјални мрежи каде ги објавуваме навремено сите наши планирани активности, порачуваат од ЗПМ.